# ОПШТИНА ДЕБАР

Вид на ревизија:

Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност

Период:

2022

Изразено мислење

Финансиски извештаи:

| 630 | 637 | 930 | 937 |
|---|---|---|---|

Број на сметки:

4

Усогласеност:

| 630 | 637 | 937 |
|---|---|---|

## Клучни утврдени состојби:

- побарувањата не се реално и објективно прикажани, не е утврдена старосната структура и можноста за нивна наплата, како и не се преземаат активности за присилна наплата;
- слабости во начинот на администрирање, утврдување и наплата на приходите по основ на данокот на имот и неправилности во начинот и постапката на давање на користење на деловни простории и спортски објекти сопственост на општината;
- општината не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавната чистота, а советот на општината нема донесено годишна програма за одржување на јавната чистота.
- Слабости при извршување на пописот на средствата и обврските;
- нетранспарентност во начинот на доделување на средства по програмите од областа на спорт, култура, поддршка на здруженија на граѓани и фондации и локален економски развој;

## Системски слабости:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ;
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.
- недоволно јасно и прецизно регулирање на наплатата на другите приходи во однос на надзорот и контролата и обезбедување на средствата потребни за финансирање на ТППЕ.

Дадени препораки: 14

Доставени забелешки:

Да √ Не

Одговор на забелешки:

Да √ Не

Линк до ревизорскиот извештај:

Позитивно мислење

Мислење со резерва

Неповолно мислење

Воздржување од давање на мислење